# Што е Фалун Гонг

## Чигонг вежби



Фалун Гонг, познат и како Фалун Дафа, содржи пет едноставни медитациски вежби и и припаѓа на кинеската традиција на такви методи познати под заедничкото име - Чигонг.

Овие вежби се слични на Таи-чи и Јога и со нивното практикување се подобрува здравјето и се регулираат енергетските процеси во телото.

## Духовни принципи: Вистина, Добродушност, Толеранција

Исто така, Фалун Гонг има и духовно учење, и се темели на принципите на Вистина, Добродушност и Толеранција. Практикантите се трудат да се придржуваат на овие принципи во секојдневниот живот, за постепено да достигнат внатрешна рамнотежа и висок степен на хармонија со светот околу себе.

Принципите на Фалун Гонг објаснети се во книгите Фалун Гонг и Чуан Фалун, кои што можат да се најдат на интернет: **www.falundafa-mk.org**.

## Голема популарност

Фалун Гонг за прв пат беше презенетиран во јавноста од Ли Хонгџи во 1992. година. После тоа, благодарение на исклучително позитивно влијание на здравјето, со голема брзина се прошири низ цела Кина, за многу брзо да стане најпопуларен вид на Чигонг во историјата, со проценети од 70-100 милиони луѓе, кои го практикуваа во 1999. година. Денес Фалун Гонг се практикува во преку 80 земји во светот.

## Како може да се започне со практикувањето:

Доволно е да контактирате некој од локалните волонтери, кои бесплатно можат да ви ги покажат вежбите. Друга можност е од интернет да ги снимите упатствата за вежбање и самостално да ги научите вежбите (**www.falundafa-mk.org**).

Контакти (други градови на интернет):
Виена, Скопје: Игор Јанчев, +43-681-10326867
Белград: Дејан Марковиќ, +381-63 351652
Софија: Кремена Крумова, +359-88-5541037
Загреб: Сандра Грижиќ, +385-91-7992233

Изработката на овој проспект целосно е финансиран од волонтери

# Гласови на поддршка на Фалун Гонг



## Амнести Интернационал

„Продолжуваат извештаите за погубувања , апсења и други злосторства врз Фалун Гонг практикантите. Кинеската влада ги негира сите лоши постапки, дури и во случаи кога има повеке сведоци за разни измачувања. Тоа е голем проблем во Кина (АИ Индекс АСА 17/004/2001)

## Ирвин Котлер, член на канадскиот парламент



„Она, за што сме сведоци, е криминализација на невиноста. Тие земаа една духовна медитациска група, ја прогласија за незаконска и илегална, потоа нејзините членови почнаа да ги заплашуваат, прогонуваат, затвораат, без никаква причина, туку само затоа што се залагаат за темелните вредности на Вистина, Добродушност и Толеранција.



## Марк Палмер, потпредседател на Фридом Хаус

„Фалун Гонг е најголемото духовно движење во Азија денес. Ништо друго не може да се спореди со него по прашање на храброста и важноста.

## Можете да помогнете:

Потпишете ја нашата петиција. Разговарајте со своите пријатели, роднини, колеги и претставници на власта. Обратете им се на медиумите и побарајте од нив што повеќе да известуваат за оваа тема. Проследете го овој проспект.

## Дознајте повеќе.

Пријавете се на маил листата на Фалун Дафа Инфоцентарот на **info@faluninfo.ba** или посетете ги интернет страниците:
**www.faluninfo.ba и www.falungong-bih.net**



# Фалун Гонг

(Фалун Дафа)

култивира

**Вистина**
**Добродушност**
**Толеранција**

Зошто милиони луѓе се прогонети поради ова?

www.falundafa-mk.org

# Од пропаганден и физички прогон...

## Гао Ронгронг од Шенјанг, унаказена и мачена до смрт





36-годишната Гао Ронгронг, практикантка на Фалун Гонг, со часови била мачена со електрични палки по лицето, главата и вратот. Нејзиното лице се деформира и скоро ослепе. Откако на интернет ја објави оваа фотографија, беше мачена до смрт. Умре на 16. јуни 2006.

Во изминатите девет години, повеќе стотици илјади луѓе се уапсени наспроти законот, многу од нив се измачувани во работните логори, душевните болници и затвори. Потврдено е повеќе од 3.100 смртни случаи, а стручњаците сметаат дека бројот на жртвите изнесува преку 10.000. Практикантите ги казнуваат парично, ги отпуштаат од работа, ги исфрлаат од едукативни институции, ги присилуваат на развод и напуштање на своите домови.

Организациите за човекови права на ОН имаат документирано преку 40.000 случаи на мачење.

## „Ова е геноцид!“

- Едвард Мекмилан-Скот, потпретседател на Европскиот парламент

Во моментот кога бројот на практикантите на Фалун Гонг порасна од 70-100 милиони, тогашниот кинески лидер, Џианг Цемин процени дека доминацијата на КП на Кина е загрозена и нареди Фалун Гонг по секоја цена да го снема. За таа цел е формирано специјално „Биро 610“, кое доби неограничени овластувања за сузбивање на Фалун Гонг. Од 1999 година до денес, практикантите се апсени и осудувани, без каква и да е законска основа, а често без право на одбрана.

## Мачен со вжештена железна шипка



Тан Јонгџие, практикант на Фалун Гонг од Кина, само благодарение на непретпазливоста на чуварите, успеа да побегне од еден од логорите во Кина, каде што, помеѓу останатото, бил мачен со вжештена железна шипка.

**Според извештајот на ОН за Кина од 2005 година во 66% од забележаните случаи на мачење во Кина, жртви беа Фалун Гонг практиканти.**

# до убивање поради трговија со органи...

Кога во март 2006. жена на кинески воен хирург излезе во јавност, светот дозна дека затворените Фалун Гонг практиканти ги убиваат поради продажбата на нивните органи за трансплантација. Жената изјави дека нејзиниот сопруг, во тек на две години, одстрани 2.000 очни рожници од живи луѓе. После него доаѓале други хирурзи, поради други органи. Луѓето на крај биле кремирани во болничките крематориуми. Кинеските болници и ден денес ветуваат изнаоѓање на соодветен орган во рок од 7-14 дена.



## Давид Килгур, поранешен канадски државен секретар за Азија и Пацифик

**„Тие ви ги земат двата бубрега, потоа срцето и кожата, и рожниците и џигерот, а вашето тело потоа е фрлено во печка за спалување ѓубре.“**



## Манфред Новак, специјален известувач на ОН

**„Жетвата на органи, со цел на располагање со органи за трансплантации, погоди голем број на Фалун Гонг практиканти на разни места во Кина.“**

„Заклучивме дека кинеската влада и нејзините служби во многу делови на земјата, а особено во болници, а и во затвори и ‚народни судови‘, од 1999. усмртија голем, ама непознат број на Фалун Гонг затвореници на совеста. Спроти волјата на практикантите, нивните витални органи, вклучувајки ги и срцата, бубрезите, џигерот и рожниците, одземани се поради продажба по висока цена...“

Од извештајот “Крвава жетва“ на Давид Килгур и Давид Матас

Прочитајте го извештајот на интернет: **www.faluninfo.ba/kilgour_matas**

# Зошто кинескиот режим го прогони Фалун Гонг - една мирна и неполитична духовна практика?

Во јули 1999. милиони луѓе во Кина преку ноќ станаа „непријатели на државата“ и се најдоа на мета на прогон. Во тек на само неколку дена, стотици илјади луѓе беа уапсени, депортирани во затвори и работни логори, каде што многу од нив и ден денес се наоѓаат. Зошто?

## Уништување на други идеологии



Комунистичката партија на Кина (КПК), од преземањето на власта во Кина, брутално ги прогонува припадниците на разни религии, независни групи, неистомисленици, интелектуалци и други. Се проценува дека КПК е одговорна за смрт на 60-80 милиони луѓе, што е повеќе од бројот на жртвите во Првата и Втората Светска Војна заедно.

## Уништување на традиционалните вредности

Традиционалните вредности и верувања одсекогаш биле трн во окото на КПК. Фалун Гонг со своето ширење и нагласување на традиционалните вредности и култура доведе до препород на традиционалната култура, која КПК со децении систематски ја уништуваше.

## Власт и контрола

Како диктатура, КПК многу се плаши од групи кои што не може да ги контролира и се плаши дека тие групи би можеле да и го загрозат монополот на власт. Од таа причина, КПК ги прогони сите независни групи. Овие прогони исто така произведуваат атмосфера на страв, која на КП и помага да се одржи на власт. Фалун Гонг е независна група. Кога испитувањето од страна на кинеските власти покажаа дека 70-100 милиони луѓе го практикуваат - повеќе од бројот на членовите на КП - и Фалун Гонг се најде на мета на прогон.

Повеќе за историјата на КПК на: **www.devetkomentara.net**



Заедничко вежбање на Фалун Гонг, како ова во градот Ченгду, беше вообичаено во Кина пред почеток на прогонот во 1999. година.